Република Северна Македонија
ОПШТИНА НЕГОТИНО
Бр.04-575/11
22.08.2023 година

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници (,,Сл.весник на РМ,, бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и ,,Сл.весник на Република Северна Македонија,, број 275/2019 и 14/2020), Секретарот на општина Неготино во постапка на унапредување на административен службеник преку Интерен оглас , ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За неизбор на административен службеник по пат на интерен оглас**

**1.**По интерниот оглас бр.02/2023 објавен на ден 09.08.2023 година за унапредување на административен службеник во општинската администрација на општина Неготино во Одделението за финансиски работи, со назив на работно место – Советник за координација на општинските буџетски корисници и шифра на работно место : УПР 01 01 В01 000 не се избира административен службеник заради неисполнување на услови од страна на кандидатот односно неисполнување на условот најмалку 3 (три) години работно искуство во струката .

**2.**Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за администрација по барање на општина Неготино на својата интернет страница објави интерен оглас бр.02/2022 година на ден 09.08.2023 година за унапредување на административен службеник во општинската администрација на општина Неготино во Одделението за финансиски работи, со назив на работно место – Советник за координација на општинските буџетски корисници и шифра на работно место : УПР 01 01 В01 000 .

Комисијата за селекција на административен службеник на ден 18.08.2023 година во 11:00 часот спроведе административна селекција по интерен оглас, при што се утврди дека има доставени документи од единствениот кандидат Дејан Дуровиќ. Од увид од доставената документација кандидатот имаше доставено : пријава, доказ за државјанство, уверение од положени испити втор циклус, сертификат за положен испит за англиски јазик, сертификат за познавање на компјутерски вештини, потврда за казнена евиденција, лекарско уверение и решение за распоредување на работно место. Од увид во документацијата комисијата утврди дека уверението за положени испити со број 13.196/10 и е од 07.12.2020 и нема поминато три години од завршувањето на образованието со што кандидатот не го исполнува условот да работел најмалку 3 (три) години во струката кое произлегува од посебните услови, согласно Законот за административни службеници Комисијата утврди дека ниеден пријавен кандидат не ги исполнува условите на огласот и му предложи на Секретарот на општина Неготино да не изврши избор како во дипозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука кандидатот има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација Скопје во рок од 8(осум) дена од објавување на одлуката на ВЕБ страницата на институцијата.

**Секретар,**
**Марија Нацева**